INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

# СПИСОК НА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ЛИТЕРАТУРА

Изборни предмети на студската програма

## СТУДИИ НА КУЛТУРАТА

---

## СОВРЕМЕНА ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА И РОД

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Современа политичка филозофија и род | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Проф. д-р Катерина Колозова | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br>Со завршување на предметот, се очекува студентите:<br>• Темелно да се запознаат со најзначајните мислители и идеи од областа на современата политичка филозофија во светло на нејзината преобразба од класично монодисциплинарно поле во интердисциплинарна општествено-културолошка теорија.<br>• Да се способни да ги применат филозофските концепти од современата политичка филозофија (на пример, Фуковиот „дискурс“, Шмитовата „политичка теорија“ или Агамбеновиот „хомо сакер“) во културолошка и интердисицdevиплинарна општествена расправа.<br>• Да се запознаат со идеите на пост-хуманизмот, биополитиката и новите форми на филозофски реализам во политиката (од почетокот на 2000-те до денес) како со концепти кои оперираат во рамки на културолошката општествена теорија и критика на идеологија | | | | | |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br>Филозофијата е науката која ги поставува темелите на системот на вредности на секоја историска епоха, вклучувајќи ги и оние на општествените поредоци кои се доминантни во дадениот период. Со други зборови, филозофијата ги пропишува основите на тоа како еден свет „се мисли самиот себе.“ Филозофските идеи се подлогата на промените во развојот на како на егзактната така и на општествената научна мисла. Идејата на демократија со која живееме денес е филозофски концепт, исто како и доминантните либерални идеи на „индивидуална слобода,“ „право на избор,“ човекови права. Повеќето од овие вредности се чинат саморазбирливи, но всушност не се – тие имаат историјат на нивно настанување, докажување и етаблирање како релевантни. Рационализмот во филозофијата наспроти теологијата ги воведе и цврсто ги етаблираше просветителските идеи на секуларизмот и либерализмот, според кои живееме и денес. Во ерата на технолошки и научен развој како и темелна трансформација на модерното | | | | | |

| | |
|---|---|
| | општество заснована на деконструкцијата на идеите на класичниот просветителски хуманизам, реконфигурација на родовите и семејните односи, вградувањето на политичката идеологија во секојдневието на поединецот и повнатрешнување на објективниот политичко економски диктат како личен хабитус, потребно е да се запознаеме со идеите на биополитиката (Фуко, Агамен), политичката теологија и теоријата на суверенитетот (Шмит), радикалната демократија (Лаклау и Муф), перформативност (Батлер), хабитус (Бурдје) и психаналитичката анализа на идеологијата како култура (Жижек). |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања (мастер–часови),<br>• вежби,<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** — 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |
| | **Литература** |

**Задолжителна литература**

| **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредила:<br>Проф. д-р Катерина Колозова | Читанка: Избор на клучни текстови од областа на современата политичка филозофија | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| 2. | Giorgio Agamben | Homo Sacer: Sovereign Power and Bare Life | Stanford, CA: Stanford University Press | 1998 |

**Изборна литература**

| **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Michael Hardt and Antonio Negri | Empire | Harvard University Press | 2000 |
| 2. | Judith Butler | The Psychic Life of Power: Theories in Subjection | Stanford University Press | 1997 |
| 3. | Levy Bryant, Nick Srnicek and Graham Harman | The Speculative Turn: Continental Materialism and Realism | Melbourne (Australia): Re-Press | 2011 |

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**ТЕОРИИ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Теории на мултикултурализмот | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Проф. д-р Маја Мухиќ | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |

8. **Цели на предметната програма (компетенции):**

Со завршување на предметот, се очекува студентите да се:

- Да се стекнат со продлабочено знаење за најважните идеи, концепти и контроверзии поврзани со теориите на мултикултурализмот.
- Да бидат оспособени на критички упатен и академски компетентен начин да расправаат за концептот на мултикултурализмот како теорија, политика и пракса.
- Да стекнат способност писмено да структурираат расправа според логичени и уверлив аргументативен след (прецизна формулација на хипотеза, докази и емпириска поткрепа на аргументите), со што ќе ја покажат својата оспособеност за академско и компетентно критичко промислување од подрачјата теориите на мултикултурализам
- Да ги разберат и критички анализираат спротивставените мултикултурни теории
- Да стекнат капацитет за учествување во дискусија и адаптација кон разновидните теории на мултикултурализам.

9. **Содржина на предметната програма:**

Курсот ќе ги истражува и анализира длабински централните теми, концепти и контроверзи поврзани со проблемот на мултикултурализмот. Студентите ќе се запознаат до комплексноста на феномените етницитет и нација и разновидните теории поврзани за нивната историја и развој. Низ анализата на тие феномени, ќе се пристапи и кон вивисекција на теориите на мултикултурализмот, но и на нивната сложеност во доменот на апликабилноста врз реални општествени околности.

10. **Методи на учење:**

- теоретска настава-предавања (мастер–часови),
- вежби,
- изработка на семинарска работа,
- домашно учење

| | | |
|---|---|---|
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
адреса: 20-ти Октомври, бр.8, 2кат, 1000 Скопје
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Приредила: Маја Мухиќ | Читанка: избор на клучни текстови од областа на теории на мултикултурализмот | | 2012 |
| | | 2. | Tylor, Charles | Multiculturalism and the Politics of Recognition | Princeton University Press | 1992 |
| | | **Изборна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
| | | 1. | Okin, Susan Moller | *Is Multiculturalism Bad for Women?* | Princeton University Press | 1999 |
| | | 2. | Kymlicka, Will | *Multicultural citizenship: a liberal theory of minority rights* | Oxford University Press | 1966 |
| | | 3. | Andreson, Benedict | Imagined Communities | Verso | 2006 |

## ТЕОРИИ НА НАРАТИВНИ ИДЕНТИТЕТИ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Теории на наративни идентитети | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата, Родови студии | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Сенка Анастасова | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишани втор семестар на студиска програма по родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје | | | |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br>Со реализацијата на овој предмет се предвидени следниве резултати на студентите:<br>• Да ги актуелизираат најважните концепти во теоријата на нарација, политичката теорија, политичката филозофија, феноменот на културната политика, идентитетот, нацијата, нарацијата и родот<br>• Да ги продлабочат знаењата во врска со конструкцијата на родовите идентитети<br>• Да го апсолвираат легитимитетот на знаењето и мислата во општствено-културниот контекст<br>• Да се стекнат со темелни познавања на современите критики на субјектот и теоријата на субјективитетите, во поширока културолошка продукција | | | | |

| | |
|---|---|
| | • Да ја конкретизираат современата филозофија на родот, во културата и општествениот живот<br>• Да имаат продлабочено познавање на родот во врска со културниот идентитет и критички да ја проследуваат феминистичката наука и индивидуалноста на жените во јавната сфера, политиката, мултикултурализмот<br>• Да го развиваат своето знаење во име на заштита на своите права и интереси во хуманистиката и практиката<br>• Да се оспособат за писмено структурирање на научни трудови и расправи, критички користејќи толковни стратегии и нивна имплементација во јавната културна сфера на живеење<br>• Да се оспособат за јасно поентирање, дебата, култура на говор<br>• Да станат компетативен субјект во науката и емпириската сфера, низ стручно користење аргументи, докази, референци |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br><br>Предметот се занимава со принципите на наратологијата како дисциплина и конструкцијата на идентитетите преку процесот на раскажување. Ќе се актуелизираат суштествени проблеми на теоријата на културата и *политичкото* во современите теории на културата. Опфатени се клучни категории на родовите релации, категоријата ,,(пост)идентитет", културолошките разлики проектирани во соодносите историја, историографија, нација-род, нација-држава, како и постколонијалистичките концепти – преместување, дислокација, идентитет. Ќе се образложат културните диференцијации анализирани преку проблемите на колонијализмот на националната држава во надворешна, гео-политичка смисла и во смисла на внатрешната колонизација, впишана во индивидуалноста на жените и во нивниот сооднос со заедницата. Ќе се анализира социолошкиот контекст во кој се активираат анализите на родовите проблеми, паралелно со расната, класната сегрегација, асимилацијата, сепаратизмот, мултетничките општества, идентитетот, различноста, проблемите на глобализацијата, глокалноста, културните норми и регулативи во индвидуата, општеството, пазарот, распоредот на силите на моќта. Политичката теорија има за цел да укаже на социјалните разлики изразени како проблем на социјалните права, при што ќе се диференцираат конструкциите на приватните и на јавните светови, со цел да се одредат динамиките на прераспределба и однова дефиниција на родовите улоги во општеството. |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** — 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |
| | **Литература** |

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Прoредила: Анастасова, С. | Читанка: избор на текстови од областа теорија на наративни идентитети | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Theo D'Haen and Patricia Krus (Ed.) | *Gendered Memories (Reader)* | International Comparative Association | 1997 |
| | | **Изборна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
| | | 1. | Bhabha Homi | *Nation and Narration* | Routledge | 1992 |
| | | 2. | Rosi Braidoti | *Nomadic Subjects* | Columbia University Press | 1994 |
| | | 3. | Williams, Raymond | *Culture and Society 1780-1950* | Harmondsworth. Penguin | 1963 |

## СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ ВО ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Студии на политики во цивилниот сектор | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Ристо Карајков | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br><br>• Да бидат запознаени со глобалните и локалните динамики кои ги обликуваат јавните политики во културата;<br>• Да владеат со основните аспекти на современата култура и на перспективите на политиките;<br>• Да можат да ги образложат основните концепти и операции на културата како извор на специфични општествени поставувања;<br>• Да покажат разбирање за уделот на јавните политики, особено културните, како врз институциите, така и врз поширокот општествен контекст;<br>• Да умеат да ги идентификуваат и анализираат и дискутираат за прашањата и проблемите во однос на различните аспекти на граѓанскиот сектор. | | | | |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br><br>Овој предмет ќе им пристапи на политиките како социјални решенија, стратегии и институционални процеси за | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | управување и развој на општествата и културата. Современите културни политики ќе бидат разгледувани од аспект на нивното менување во контекст на глобализацијата, како и во однос на националните/локалните стратегии формулирани преку тековните културни струи и проток на капитал. Предметот ќе ги истражи главните социјални, политички и институционални фактори кои влијаат врз развојот на уметноста, медиумите, културните програми, социјалната инклузија, односно, ексклузија во современите општества. Клучните прашања на кои ќе се осврнеме се: империјализмот и национализмот, културното планирање, заедница и идеологија, како и други аспекти на односот меѓу културата и владеењето. | |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење | |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредил:<br><br>Карајаков, Р. | Читанка по предметот *Студии на политики во цивилниот сектор* | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| 2. | Crane, D., Kawashima, N., and Kawasaki, K. | Global Culture: Media, Arts, Policy and Globalization. | New York and London: Routledge | 2002 |

**Изборна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Bennett, Tony | "Putting Policy into Cultural Studies", in Cultural Studies. Eds. Lawrence Grossberg,<br>Cary Nelson and Paula Treichler | New York: Routledge | 1992 |
| 2. | Ronaldo Munck | Globalization and Social Exclusion; A Transformationalist Perspective | Kumarian Press Inc. | 2005 |
| 3. | Cunningham, Stuart | Cultural Studies from the Viewpoint of Cultural Policy | Lewis and Miller, | 2008 |

**КОМУНИКАЦИИ, СОЦИАЛНИ МЕДИУМИ И КУЛТУРА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Комуникации, социални медиуми и култура | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата, Родови студии | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Проф. д-р Дона Колар-Панов | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на една од студиските програми по студии на културата или родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |

8. **Цели на предметната програма (компетенции):**

Со завршување на предметот, се очекува студентите:

- Да стекнат солидно познавање на основните поими во студиите на комуникации, меѓу кои и темелните идеи и методи на семологијата или семиотиката, теориите на медиуми и теориите на кибер-културата
- Да ги совладаат како теориските и критичките концепти така и основите на нивна примена во толкување на конкретни комуниколошки (првенствено медиумски) појави.
- Да се запознаат со клучните текстови и културни производи значајни за полето на изучување
- Разбирање на методолошките приоди кои инхерентно им припаѓаат на студиите по комуникации и медиуми, што ќе ги оспособи за самостојна анализа.

9. **Содржина на предметната програма:**

Овој курс се концентрира на предизвиците наметнати од глобализацијата и тоа на глобално ниво, како извор на општествено-културни трансформации но и преобрази, преструктурирања на план на човековиот субјективитет. Медиумските, комуникациски „простези“ (интернетот, но и телевизијата како дел од културата и биополитиката на секојдневието) го растемелуваат класичниот, просветителски модел на Човекот и вредностите на модерниот хуманизам. За оваа цел треба да се проучат темелните идеи на студиите на медиумите и семиологијата (Меклуан), на виртуелноста (Вирилио), симулакруми и симулации на Жан Бодријар, теориите на кибер културата (Харавеј и други). Овој предмет овозможува стекнување на професионални вештини и академска оспособеност на оние кои работат или бараат работа во индустриите на комуникации и медиуми (на пример, електронско новинарство, развивање на политики од овие области, односи со јавноста, туристички маркетинг и слично).

10. **Методи на учење:**

- теоретска настава-предавања (мастер–часови),
- вежби,
- изработка на семинарска работа,
- домашно учење

| | | |
|---|---|---|
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Приредила: Дона Колар-Панов | Читанка: Избор на клучни текстови од областа на студиите на комуникации | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| | | 2. | John Fiske | The John Fiske Collection: Introduction to Communication Studies | Routledge | 1990 |
| | | **Изборна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
| | | 1. | Barbara M. Kennedy and David Belle | The Cybercultures Reader, the 2nd editon | Routledge | 2007 |
| | | 2. | Robert Phillip Kolker | Media Studies: An Introduction | Wiley-Blackwell | 2009 |
| | | 3. | Richard Campbell, Christopher R. Martin and Bettina Fabos | Media and Culture: An Introduction to Mass Communication | Bedford/St. Martin's | 2011 |

## ВОВЕД ВО ПОСТКОЛОНИЈАЛНА КРИТИКА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Вовед во постколонијална критика | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Сенка Анастасова | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br><br>Со реализацијата на овој предмет се предвидени следниве резултати на студентите: | | | | |

| | |
|---|---|
| | • Да ги актуелизираат најважните концепти во постколонијалната критика, политичката филозофија, филозофијата на културата, феноменот на културната политика, идентитетот, нацијата, нарацијата и родот<br>• Да ги продлабочат знаењата во врска со врските на постколонијализмот и современата политика<br>• Да го апсолвираат легитимитетот на знаењето и мислата во општествено-културниот контекст.<br>• Да се стекнат со темелни познавања на современите критики на субјектот и теоријата на субјективитетите, во поширока културолошка продукција<br>• Да се оспособат за јасно поентирање, дебата, култура на говор<br>• Да станат компетативен субјект во науката и емпириската сфера, низ аргументи, докази, референци. |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br><br>Предметот се занимава со проучување на постколонијалната критика, културата, идентитетот, нарацијата, родовите проблеми. Фокусот ќе биде ставен врз *интракултурното* разграничување (категоријалност на роб, варвари, жена – вон политичкото), *интеркултуралното* разграничување (Запад, Првиот свет наспроти Ориентот, Третиот свет), Малиот (блискиот), Големиот (далечниот) Друг. Егзил, миграции/имиграции, дијаспорични заедници. Дискурси во транзиција. Автоколонизација. Пристапи кон културалната другост (дистанца, гетоизација, асимилација инклузија), Другиот како предмет на страст и како културен производ. Демонтирање на идеолошки слики (варварин) и утопистички слики. Имагологија (ксенофилија, ксеноманија, ксенофобија). Принципите на егзотизмот и на концептуалниот туѓинец. Заложбата на нарацијата во културните студии- кон мултикултурната епистемологија. Ќе се укаже на *номадизмот* како нелинеарна нарација, ризом (Олива), деривантноста (преземањето, увезувањето на победничките идеи), автореферентноста и катахрезисот. Мали визави големи наративи. Односот културен центар – културна периферија. Идентитети: гранични, лиминални, интерстицијални, номадски, повеќекратни, умножени. Идентитетот врамен во национализмот и империјализмот. Транслациони идентитети (Хоми Баба). Конфликтот на идентитети. Конфликтот на нарација (пример: Македонија). Колонизираниот субјект на нарација и категоријата ,,субалтерност" (Г.Спивак). Исто така, ќе се изучуваат и психоаналитичките општествени теории на Жак Лакан, Славој Жижек и Џудит Батлер. |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** — 4 ЕКТС х 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредила:<br><br>Колозова, К. | Читанка: избор на клучни текстови од областа на постколонијалната критика | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки- Скопје | 2012 |
| 2. | Scott Wilson. | *The Order of Joy: Beyond the Cultural Politics of Enjoyment.* | State University of New York Press. | 2008 |

**Изборна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Bhabha Homi | *Nation and Narration* | Routledge | 1992 |
| 2. | Rada Ivekovic | *Moje audicije-filozofija interkulturnog dijaloga,* Zenske studije br.11/12/2000 | Zenske studije | 2000 |
| 3. | Charles Taylor | *Sources of the Self. The making of the Modern Identity* | Cambridge University Press | 1989 |

## СТУДИИ НА РАЗВОЈ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Студии на развој |
| 2. | **Студиска програма** | Родови студии |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки од Скопје, Оддел за културни и родови студии |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар; Број на ЕКТС кредити 4 |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Ристо Карајков |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишани втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје |

8. **Цели на предметната програма (компетенции):**
Со реализацијата на овој предмет се очекуваат следниве резултати на студентите:

- Темелно да се запознаат со главните концепти на студиите на развој ,
- Да бидат воведени во основите влијанијата на глобализацијата, економскиот, политичкиот и социо-културните влијанија врз родовите улоги и културата и интеркултурната комуникација;
- Да покажат запознаеност со најзначајните трудови и истражувања од областа на глобализацијата и развојните студии;
- Да се обучат за компетентно и независна интеркултурна анализа на државните и националните системи, особено во однос на нивните главни развојни прашања;

9. **Содржина на предметната програма:**

Живееме во свет каде што меѓузависноста на светот станува сè поголема, со тоа се јавува една поширока перспектива и комплексноста на линкови и нови знаења за нивните сличности и разлики. Предметот преку компаративна студија ќе ги воведе студентите во економијата, општеството и културата, кои доживуваат брзи развојни промени. Предметот преку интердисциплинарен пристап ќе се фокусира на следните развојни феномени и проблеми: контрадикторните процеси на економскиот, политичкиот и социо-културниот аспект на глобализацијата

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | и нивниот импакт врз родовите улоги, културата и интеркултурната комуникација. Понатаму, предметот ќе се осврне и на конфликтите на различните начини на владеење и управување во рамките и помеѓу меѓународните актери и заедници, промена на улогата на науката, новите односи меѓу државите и транснационални компании, со кои се промовира ширењето на новите технологии и иновации, како и потенцијалните ризици на регионална и социјална поларизација и социјални нееднаквости. | | | | | |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење | | | | | |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа | | | | |
| | **Литература** | | | | | |
| | | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Приредил: Карајаков, Р. | Читанка: избор на темелни текстови од области на студиите на развој | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| | | 2. | Raimond Apthorpe and Andras Krahl | Development Studies: Critique and Renewal | Leiden - E.J. Bril, | 1986 |
| | | **Изборна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
| | | 1. | John Tomlinson | Globalization and culture | University of Chicago Press | 1999 |
| | | 2. | Edward Arnold | Development studies: a reader | Stuart Corbridge | 1997 |
| | | 3. | Harcourt, W. | *Feminist Perspectives on Sustainable Development* | Zed Books | 1994 |

## МУЛТИКУЛТУРНИ ПЕРСПЕКТИВИ ВО СТУДИИТЕ НА КОМУНИКАЦИИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Мултикултурни перспективи во студиите на комуникации |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура |

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Проф. д-р Дона Колар Панов | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на културата на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |

**8. Цели на предметната програма (компетенции):**

Со завршувањето на овој предмет, студентите треба да се оспособени да ја разберат улогата на комуникациските технологии и медиумите во создавањето и постојаното одржување на стереотипните претстави за различните етнички и општествени групи.

Студентите ќе се оспособат:

- да ги разберат корените на интер-културните комуникации во компаративни контексти.
- да ги разберат мултикултурните искуства кои се однесуваат на различните медиумски индустрии.
- да станат подобри комуникатори, особено во професионалните контексти кои вклучуваат медиумска комуникација со различни етнички и општествени групи.
- да применуваат критички и аналитички вештини во изучувањето на прашањата на комуникациите во поглед на прашања кои се однесуваат на мултикултурализмот.

**9. Содржина на предметната програма:**

Целта на овој предмет е да се разберат начините на кои луѓето општат меѓусебно, изучувајќи го одблиску начинот на кој се третираат интеретничките односи во медиумите, со цел да се разберат стратегиите на на комуницирање на културите кои воспоставуваат соживот, од гледна точка како на малцинствата така и на мнозинските групи. Целта на овој предмет е да објасни како општествените сили како култура, род, раса и етничка припадност влијаат на комуникацијата на поединците и групите и тоа во различни контексти. Ќе се изучува и тоа на кој начин општествените системи се обликувани и под влијание на процесите на комуникација и под влијание на мноштво контексти.

**10. Методи на учење:**

- теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),
- изработка на семинарска работа,
- домашно учење

| | | |
|---|---|---|
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС х 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредила: Дона Колар Панов | Читанка: Темелни текстови од областа на студиите на комуникации и мултикултура | *Скопје*: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| 2. | Clint C. Wilson and Felix Gutierrez | *Race, Multiculturalism, and the Media: From Mass to Class Communication* | Sage Publications | 1995 |

**Изборна литература**

| | | Ред. бр | Автор | Наслов | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Mark D. Alleyne | *Anti-Racism and Multiculturalism: Studies in International Communication* | New Jersey: Transaction Publishers | 2010 |
| | | 2. | Dolores Battle | *Communication Disorders in Multicultural Populations* | Oxford UK: Butterworth-Heinemann | 2002 |

**ВОВЕД ВО ВИЗУЕЛНА КУЛТУРА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Вовед во визуелна култура | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата, Родови студии | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Сенка Анастасова | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на една од студиските програми по студии на | | | |

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

| | | |
|---|---|---|
| | | културата или родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br><br>Со реализацијата на овој предмет се предвидени следниве резултати на студентите:<br><br>• Да развијат темелно интердисциплинарно познавање на методологијата и епистемологијата на визуелната култура во сооднос со културните студии.<br>• Да го проучуваат проблемот на визуелноста како културолошки феномен, а не само како структурален феномен на уметноста.<br>• Да ги осознаат поместувањата на современата визуелна култура во рамки на културолошките дисциплини, некаде помеѓу естетиката и теоријата на култура и уметност и методологијата на културолошките истражувања.<br>• Да апсолвираат основен вокабулар за конструирање и деконструирање на цели идеолошки концепти во културата на секојдневноста (медиуми, реклама, уметност, инсталации)<br>• Да стекнат способност за писмено структурирање на научни трудови и расправи, да се оспособат за јавно поентирање, дебата, култура на говор и да станат компетентни субјекти во науката и емпириската сфера | |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br><br>Предметот треба да го покаже интердисциплинарно проучување на методологијата и епистемологијата на визуелната култура во сооднос со културните студии. Ќе се укаже на проблемот на 'визуелноста' како на културолошки феномен, а не само како на структурален феномен на уметноста. Предметот треба да ги покаже поместувањата на современата визуелна култура во рамки на културолошките дисциплини, некаде помеѓу естетиката и теоријата на култура и уметност и методологијата на културолошките истражувања. Методолошкиот пристап во предметот „Основи на визуелна култура" настојува да даде не само компаративистички приод меѓу уметностите туку да понуди интердисциплинарно преплетување на манифестациите на визуелното во сферата на електронските и дигиталните технологии. Идејата е да се потенцира визуелното како културолошки феномен, низ анализа на 1) иконички знаци (дефинирање на категориите и манифестацијата на сликовноста на визуелното), 2) порака (причини за дефинирање и специфики), 3) категоријален апарат (проширување на поимот визуелност од аспемкт на влијание на индустриските и технолошките медиуми на комуникација, 4) политика (анализа на културната продукција денес од аспект на политичкоста и имплементирање во општествените сфери. Идејата е да се покажат облиците на културација на секојдневните визуелни дискурси и нивните крајни манифестации и појавности во општествената сфера и системите на значење. | |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања (мастер–часови),<br>• вежби,<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење | |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** | 4 ЕКТС х 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. | Приредила: Анастасова, С. | Читанка: избор на клучни текстови од областа вовед во визуелна култура | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| | | 2. | Mirzoeff, N (ed) | *Visual Culture Reader* | Blackwall | 1998 |
| | | **Изборна литература** | | | | |
| | | **Ред. бр** | **Автор** | **Наслов** | | |
| | | 1. | During Simon | *The Cultural Studies Reader* | Routledge | 1995 |
| | | 2. | Doerthy, Tomas (ed) | *Postmodernism, A Reader.* | London, New York | 1993 |
| | | 3. | Hall, Stuart | *Representation. Cultural Representation and Signifying Practice* | Thousand Oaks | 1997 |

## ТЕОРИИ НА СЕКОЈДНЕВИЕ И МЕДИУМИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Теории на секојдневие и медиуми |
| 2. | **Студиска програма** | Студии на културата |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар — Број на ЕКТС кредити 4 |
| 6. | **Наставник** | Доц. д-р Сенка Анастасова |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на студиска програма по студии на култура на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br><br>Со реализацијата на овој предмет се очекуваат следниве резултати на студентите:<br><br>• Темелно да се запознаат со главните концепти врзани за филозофијата на медиумската култура и медиумската комуникација во современото глобално општество и секојдневие<br>• Да стекнат способност за дефинирање, анализа и критичко вреднување на феноменот на медиумско-комуникациското општество,<br>• Да развијат интерактивен однос при апсолвирањето на теорискиот и научен апарат<br>• Да ја воочат неопходноста од интердисциплинарни пристапи на хуманистичките науки<br>• Да стекнат способност за критичко промислување на улогата и значењето на продуктите на културно- | |

| | |
|---|---|
| | медиумската индустрија |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br><br>Ќе се проучуваат најважните идеи во културолошките изучувања на медиумите, ќе применува дискурзивна и репрезентациска критичка анализа на секојдневните медиумски формати: магазини, неделници, телевизиски програми и секојдневните облици на конзумеризам од гледна точка на културата.<br><br>Ќе се изучуваат семиолошките и структуролошките (културно-антрополошки) основи на студиите на ,,медиумот“(МекЛуан), технологииите на медиумите и културата, техниките на организиација на произведувањето на стварноста (Бурдје, Бодријар), жанровите, проблемите на репрезентација и нивната поврзаност со политиката на економијата. Ќе се постави апарат за анализа на идеолошките концепти, ќе се анализира ‘стварноста’ наспроти ‘стварното’ (Жижек), спектакуларизацијата на општеството, ќе се утврдат концептите на публиката и рецепцијата, со акцент врз идеолошките концепти на потрошувачката култура. Ќе се укаже на градењето на институциите на знаењето и на корпорациите во медиумската индустрија и глобализација, низ призма на критички дискурси. Пристапот е интердисциплинарен, методологијата и епистемологијата е од културните и комуниколошките студии. |
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** — 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |

**Литература**

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредила:<br><br>Анастасова, С. | *Читанка:* Избор на клучни текстови за медиумите и нивното влијание во културата | Скопје: Институт за општествени и хуманистички науки-Скопје | 2012 |
| 2. | Croteau, D. Hoynes, W | *Media. Society. Industries. Images.Audiences* | Sage, London | 2003 |

**Изборна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ташева, Марија | *Социологија* | Филозофски факултет, Скопје | 2003 |
| 2. | Silverblatt, A. | *Genre Studies in Mass Media,* | M.E.Sharpe | 2007 |
| 3. | Carey, J. | *The Intellectuals and the Masses* | Faber and Faber, London | 1992 |

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**МИТ, ТРАГЕДИЈА И РОД**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | Мит, трагедија и род | | | |
| 2. | **Студиска програма** | Родови студии и Студии на култура | | | |
| 3. | **Организатор на студиската програма** | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, Оддел за родови студии и студии на култура | | | |
| 4. | **Степен (прв, втор, трет циклус)** | Втор циклус | | | |
| 5. | **Академска година / семестар** | Прва, 2 семестар | | Број на ЕКТС кредити 4 | |
| 6. | **Наставник** | Проф. д-р Катерина Колозова | | | |
| 7. | **Предуслови за запишување на предметот** | Запишан втор семестар на една од студиските програми по студии на културата или родови студии на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје | | | |
| 8. | **Цели на предметната програма (компетенции):**<br>По завршување на предметот од студентите се очекува:<br>- Да стекнат познавања од областа на култна пракса, митологија и родовите улоги во дуализмот,<br>- Да стекнат познавања за женско ориентираните религиски концепти,<br>- Да се запознаат со клучните теоретичари и текстови од областа на митологијата и историјата на религијата релевантни за родовите студии,<br>- Да бидат способни методолошки адекватно да вршат истражувања за родовите улоги во антиката | | | | |
| 9. | **Содржина на предметната програма:**<br>Предметот ќе ги истражува и анализира длабински.<br>Цел на предметот е повторно да се испита достапниот материјал почнувајќи со примери од праисториската религија, низ верувањата и култната пракса на блискоисточните и медитеранските култури во антиката, разликувани како регионално, така и хронолошки.<br>Историјата на религија, низ перспектива на култна пракса и митологија, нуди уште едно гледање на улогата на родовата разлика и на свесноста за дуалноста на машките и женските божества во антиката. Позицијата на жената во митолошкото и религијското наследство на антиката е често проследено со недоразбирања потекнати од машките извори, но исто така и од гледната точка на модерното општество.<br>Меѓусебната зависност на машкиот и женскиот елемент е признаена како движечка сила во религискиот развој. Политеизмот како инклузивен и динамичен систем ја признава независноста на одредените култови, давајќи можност за опстанок на женско ориентираните религиски концепти.<br>Користејќи ја призмата на свесност за родова интерпретација, овој предмет отвора широки нови подрачја на истражување, како на пример жената во ритуалната активност, улогата на жената како медијатор меѓу луѓето и боговите, или спиритуални предлошки на типови на женски божества и нивните машки придружници. Иконографското сведоштво во уметноста и археологијата ќе бидат додатно користени како илустративна позадина. | | | | |

| | |
|---|---|
| 10. | **Методи на учење:**<br>• теоретска настава-предавања и вежби (мастер–часови),<br>• изработка на семинарска работа,<br>• домашно учење |
| 11. | **Вкупен расположлив фонд на време** — 4 ЕКТС x 25 часа = 100 часа |
| | **Литература** |

**Задолжителна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приредила: Колозова, К. | Читанка по предметот: „ Мит трагедија и род“ | Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје | 2012 |
| 2. | James, E. O. | *The Cult of the Mother Goddess* | Thames and Hudson | 1959 |

**Изборна литература**

| Ред. бр | Автор | Наслов | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Burkert, W. | *Greek Religion* | Trans. J. Raffan, Blackwell Publishing | 1985 |
| 2. | Gimbutas, M. | *The Language of the Goddess* | New York | 1992 |
| 3. | Bauman, R. A., | *Women and Politics in Ancient Rome,.* | Routledge | 1992 |

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
адреса: 20-ти Октомври, бр.8, 2кат, 1000 Скопје
Tel/Fax: +389 2 311 30 59
e-mail: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk